Почитувани,

По разгледувањето на објавената предлог верзија на Законот за кривичната постапка, Би сакале да го дадеме својот коментар и барање за измени, односно допрецизирање на дел од одредбите, водејќи се од досегашната примена на овој Закон.
Во продолжение ги наведуваме оние членови за кои имаме коментари и предлози за промени

**Член 57**

**Права на оштетениот**

Во кривичната постапка оштетениот ги има следниве права:
1) да биде запознаен со своите права;
2) да се служи со својот јазик, вклучувајќи го и знаковитиот јазик, да користи толкувач ако не го разбира или не го зборува јазикот на кој се води постапката;
3) да стави предлог за остварување на имотноправното барање;
4) да има полномошник;
5) да укажува на факти и да предлага докази во врска со имотно-правното барање;
6) да присуствува на доказното рочиште;
7) да присуствува на главната расправа и да учествува во доказната постапка, како и да се произнесе по имотноправното побарување;
8) по завршување на истражната постапка да ги разгледа списите и предметите што служат како доказ;
9) да поднесе жалба под условите предвидени со овој закон;
10) да поднесе предлог за гонење и приватна тужба согласно со одредбите на Кривичниот законик;
11) да биде известен за непреземање или за секое откажување од кривично гонење од страна на јавниот обвинител;
12) да поднесе жалба до повисокиот јавен обвинител против одлуката на јавниот обвинител со која тој се откажува од кривично гонење, под условите предвидени со овој закон;
13) да побара враќање во поранешна состојба согласно одредбите од овој закон;
14) во постапка за спогодување меѓу јавниот обвинител и обвинетиот оштетениот да достави писмена изјава за видот и висината на имотноправното барање, и
15) да учествува во постапката за медијација на начин и под услови определени со овој закон.

**ЕВН Македонија АД, Скопје**
Ул.11 Октомври бр.9
Скопје 1000, Македонија
Тел. +389 (0)2 3205 000
Info@evn.mk
www.evn.mk

**EVN Macedonia AD, Skopje**
Str.11 Oktomvri 9
Skopje 1000, Macedonia
Phone +389 (0)2 3205 000

Новината која е додадена во став 1 точка 5 од овој член во предлог законот ја укинува можноста оштетениот да се приклучи во кривичното гонење, односно да се вклучи во кривичната постапка за докажување на вина, бидејќи според предложеното решение оштетениот може да укажува на факти и докази само за имотно-правното барање, а не и за вината преку направената штета како досега, согласно сегашното законско решение

**Член 58**

**Поднесување предлог и приватна тужба**

(1) За кривичните дела за кои се гони по предлог или по приватна тужба, предлогот или тужбата се поднесуваат во рок од три месеци од денот кога лицето овластено за поднесување на предлогот или приватна тужба узнало за кривичното дело и за сторителот.

(2) Предлог за гонење се поднесува до надлежниот јавен обвинител, а приватна тужба до надлежниот суд.

(3) Ако самиот оштетен поднесе кривична пријава или стави предлог за остварување на имотноправно барање во кривичната постапка ќе се смета дека со тоа ставил предлог за гонење.

(4) Кога оштетениот поднел кривична пријава или предлог за гонење, а во текот на постапката ќе се утврди дека станува збор за кривично дело за кое се гони по приватна тужба, пријавата, односно предлогот ќе се смета како навремена приватна тужба ако е поднесена во рокот предвиден за приватна тужба. Навремено поднесената приватна тужба ќе се смета како навремено поднесен предлог на оштетениот, ако во текот на постапката се утврди дека се работи за кривично дело за кое се гони по предлог.

(5) Кога јавниот обвинител донел решение со кое ја отфрлил кривичната пријава, донел наредба за запирање на истражната постапка или се откажал од гонење пред судот, затоа што гонењето се презема по приватна тужба и се исполнети условите од став 4 од овој член, приватниот тужител може да поднесе приватна тужба во рок од 30 дена од приемот на конечната јавнообвинителска одлука, односно одлуката на судот.

Согласно постоечкиот закон, треба да се внимава кривичната пријава да биде поднесена во рок од 3 месеци од денот на дознавање за кривичното дело, како што стои во став 1 и по предлог законот, но со новиот став 5 од овој член доколку се усвои предлогот за измена, во случај на отфрлање на кривична пријава поради тоа што гонењето се презема по кривична тужба, ќе треба да се внимава на рокот од 30 дена по прием на одлуката, да се поднесе приватна кривична тужба, кој е навистина краток рок.

**Член 67**

**Полномошник на приватниот тужител и на оштетениот**

(1)Приватниот тужител и оштетениот, како и нивните законски застапници или старатели своите права во постапката можат да ги вршат и преку полномошник.

(2) Полномошник може да биде само адвокат.

Со новиот став 2 од предлог законот на постоечкиот член 67 за ЕВН АД, како и за многу други правни субјекти во РМ кои веќе имаат вработени дипломирани правници, со и без положен правосуден испит од една страна ќе предизвика зголемување на трошоците за ангажман на адвокати/надворешни соработници (за изготвување на кр.пријава, учество на адвокат во постапка пред ОЈО, застапување и сл.), а од друга страна ќе ја наметне потребата за намалување на бројот на своите вработени.

Само за пример во ЕВН АД на годишно ниво се поднесуваат околу 700 кривични пријави за неовластено користење на електрична енергија/кражба на струја, оштетување, уништување и кражба на јавни инсталации. Во околу 80% кај овие пријави се лица со социјален стаус невработен, примател на соц.помош и сл., каде наплата е и така невозможна за што нашата компанија трпи штета, која дополнително ќе биде зголемена со плаќање на целосен ангажман на адвокати како полномошници, трошоци кои подоцна исто така неможеме да ги наплатиме од обвинетите од истата причина. Досега такви трошоци нема бидејќи полномошници во кривичните постапки се дипл.правници кои се во редовен раб.однос во ЕВН АД.

Затоа нашето барање/предлог е: да се брише предложениот став 2 на овој член или пак да се дефинира како во Законот за парнична постапка (член 81), односно нашиот предлог за член 67 став 2 гласи:

**(2) Полномошник може да биде:**

**- адвокат или**

**- лице - дипломиран правник кое со приватниот тужител или оштетениот е во работен однос**

**Член 112**

**Поднесување на имотноправно барање**

(1) Имотноправно барање во кривична постапка се поднесува до органот до кој се поднесува кривичната пријава или до судот пред кој се води постапката.

(2) Барањето може да се поднесе најдоцна до завршувањето на главната расправа пред првостепениот суд, а измени за видот и висината до завршување на главната расправа

Со предложениот текст ставовите 3 и 4 од постоечкиот закон се бришат а се дополнува став 2 од член 112. Со оваа промена се скратува временски период за поднесување на барањето за штета.

Ја користиме оваа прилика да ја поздравиме можноста која ни е дадена да учествуваме со свои коментари и предлози во креирањето на ова законско решение и се надеваме дека истите ќе бидат разгледани и земени во предвид при изготвувањето на конечниот текст на овој закон .

**Со почит,**

ЕВН Македонија АД Скопје